1890
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

# СЛУЖБЕН ЛИСТ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 8 август 1980
БЕЛГРАД
БРОЈ 44 ГОД. XXXVI

Цена на овој број е 18 динари. — Претплатата за 1980 година изнесува 800 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**716.**

Врз основа на член 26 став 3 и член 27 став 9 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77 и 17/78), врз основа на согласноста на надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СТОКОВНИТЕ КОНТИНГЕНТИ, ОДНОСНО НА ДЕВИЗНИТЕ КОНТИНГЕНТИ ЗА УВОЗ НА СТОКИ ШТО ВО 1980 ГОДИНА СЕ ПЛАЌААТ ОД СРЕДСТВАТА НА ЗАЕМОТ ОД МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

1. Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, по прибавеното мислење од Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи, ги утврдува стоковните контингенти, односно девизните контингенти за сите стоки чиј увоз се плаќа од средствата на заемот од Меѓународната банка за обнова и развој, а кои се увезуваат врз основа на спроведена меѓународна јавна лицитација.

2. Стоковните контингенти, односно девизните контингенти од став 1 на оваа точка се утврдуваат за одделна организација на здружен труд по нејзино барање.

3. Организацијата на здружен труд кон барањето од точка 2 на оваа одлука поднесува и соодветна документација со која докажува дека се исполнети условите од оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 356
31 јули 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

**717.**

Врз основа на чл. 28 и 31 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80 и 38/80), Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ ЗА СЕМЕ И ПОСАДОЧЕН МАТЕРИЈАЛ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

1. Одредбите на Одлуката за определување на највисоко ниво на цените за сите производи и услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/80) не се однесуваат на формирањето на цените за семе и посадочен материјал на земјоделски растенија.

2. Цените за семе и посадочен материјал на земјоделски растенија се формираат според прописите за формирање на цените на тие производи на републиките и автономните покраини и според други прописи што важеа на 6 јуни 1980 година, односно кои ќе се донесат по тој ден.

3. Во прометот на семе и посадочен материјал се применуваат важечките прописи на републиките, односно автономните покраини за начинот на формирањето на цените во прометот, со тоа што на набавната цена може да се засмета учеството за покривање на трошоците на прометот најмногу до апсолутниот износ што постоеше на 6 јуни 1980 година.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 360
31 јули 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

**718.**

Врз основа на член 347 точка 10 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ОТВОРАЊЕ АМБАСАДА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ЗИМБАБВЕ

1. Се отвора Амбасада на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Зимбабве, со седиште во Солзбери.

2. Сојузниот секретар за надворешни работи ќе преземе мерки за извршување на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 361
31 јули 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

**719.**

Врз основа на член 274 став 2 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ

1. Се формира Совет за информатика на сојузните органи (во натамошниот текст: Совет) во состав на Сојузниот секретаријат за правосудство и организација на сојузната управа.

2. Советот се формира како заедничко колегијално тело на сојузните органи на управата и сојузните организации и обезбедува усогласување на ставовите на заинтересираните сојузни органи и неопходна координација во областа на информатиката.

За прашањата што ги разгледува Советот дава иницијативи, мислења и предлози и за својата работа го известува Сојузниот секретаријат за правосудство и организација на сојузната управа.

3. Советот има претседател и 16 членови.

Претседателот и членовите на Советот ги именува Сојузниот извршен совет од редот на раководните и стручните работници од стручните и други служби на Сојузниот извршен совет, Сојузниот секретаријат за надворешни работи, Сојузниот секретаријат за внатрешни работи, Сојузниот секретаријат за финансии, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи, Сојузниот секретаријат за правосудство и организација на сојузната управа, Сојузниот секретаријат за информации, Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, Сојузниот комитет за законодавство, Сојузната управа за царини, Сојузната управа за радиоврски, Сојузниот завод за општествено планирање, Сојузниот завод за статистика, Сојузниот завод за стандардизација и на Сојузниот завод за патенти.

4. Советот донесува деловник за својата работа.

5. Вршење на стручно-техничките и административните работи за потребите на Советот обезбедува Сојузниот секретаријат за правосудство и организација на сојузната управа.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 358
31 јули 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

**720.**

Врз основа на член 274 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ВО ОБЛАСТА НА МЕТРОЛОГИЈАТА

1. Во состав на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали се формира Совет во областа на метрологијата (во натамошниот текст: Совет).

2. Советот ги врши следните задачи и работи: ги разгледува предлозите на програмите и на политиката за развој на метрологијата во СФРЈ, како и реализацијата на тие програми и спроведувањето на политиката во областа на метрологијата; прашањето на концепциската согласност и компатибилноста на потсистемот на метрологијата во вооружените сили на СФРЈ со југословенскиот систем на метрологијата; прашањата во врска со употребата во јавниот сообраќај на законските мерни единици и единиците на Меѓународниот систем на мерните единици (SI); прашањата за остварување на југословенските (примарни) еталони на основните мерни единици и на изведените мерни единици на Меѓународниот систем на мерните единици и нивно наспоредување со меѓународните еталони; прашањата за обезбедување и класификација на референтни материјали; програмата за изработка на студии за развој на одделни области на метрологијата и резултатите од тие истражувања; прашањата за остварување соработка со организациите на здружен труд врз кои е пренесено овластување самите да можат да вршат преглед и жигосување на мерила; предлозите за основање, спојување и укинување на подрачни организациони единици на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали — контроли на мерите и скапоцените метали, како и други прашања од значење за спроведувањето и примената на Законот за мерните единици и мерилата.

За прашањата што ги разгледува Советот дава иницијативи, мислења и предлози до Сојузниот завод за мери и скапоцени метали.

3. Советот го сочинуваат претставници од Сојузниот секретаријат за народна одбрана, Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи и од Сојузниот комитет за енергетика и индустрија.

Во Советот се именуваат и претставник од Стопанската комора на Југославија и претставници од одделни организации на здружен труд, од самоуправни и други организации и заедници од сите социјалистички републики и автономни покраини и претставници од Југословенскиот комитет за електрични мерења (ЈУКЕМ) и од Југословенското здружение за регулација, мерење и автоматизација (ЈУРЕМА).

Советот има 15 членови.

Советот може, заради координација на работата и остварување соработка во областа на метрологијата, да повикува и претставници од надлежните републички и покраински органи.

4. Претседателот и членовите на Советот ги именува Соузниот извршен совет од редот на претставниците на органите и организациите од точка 3 на оваа одлука.

5. Советот донесува деловник за својата работа.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 357
31 јули 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

721.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „IL GIORNALE"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Il Giornale", бр. 145 од 25 јуни 1980 година, што излегува на италијански јазик во Милано, Италија.

Бр. 650-1-12/558
17 јули 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

722.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „THE DAILY TELEGRAPH"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „The Daily Telegraph", бр 38893 од 25 јуни 1980 година, што излегува на англиски јазик во Лондон и Манчестер, Велика Британија.

Бр 650-1-12/683
18 јули 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

723.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „KÄRNTNER NACHRICHTEN"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Kärntner Nachrichten", број 26 од 19 јуни 1980 година, што излегува на германски јазик во Клагенфурт, Австрија.

Бр. 650-1-2/490
18 јули 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

724.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „SÜDDEUTSCHE ZEITUNG"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Süddeutsche Zeitun", бр. 146 од 27 јуни 1980 година, што излегува на германски јазик во Минхен, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/891
18 јули 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

725.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „MÜNCHNER MERKUR"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Münchner Merkur" број 155/28 од 8 јули 1980 година, што излегува на германски јазик во Минхен, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/895
22 јули 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

**726.**

Врз основа на член 8 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за исплатување на дневници за службени патувања, надомести за трошоците за превоз на службено патување, издатоци за репрезентација, издатоци за реклама и пропаганда, издатоци за авторски хонорари, издатоци за интелектуални услуги и издатоци по основа на договор за дело, во 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/80 и 41/80), сојузниот секретар за финансии пропишува

## ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ И ИСКАЖУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ ДО КОЈ ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И ДРУГИ КОРИСНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА МОЖАТ ДА РАСПОЛАГААТ СО ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА ВО 1980 ГОДИНА ЗА ИСПЛАТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ИЗДАТОЦИ

Член 1

Во Правилникот за утврдување и искажување на износот до кој организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства можат да располагаат со општествени средства во 1980 година за исплатување на определени издатоци („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/80) во член 5 точка 2 по зборовите: „за 1979 година" се става запирка и се додаваат зборовите: „намален за издатоците што во таа година се исплатени за намените од член 9а на Законот".

Во точка 3 по зборовите: „1979 година" се додаваат зборовите: „на начинот пропишан во точка 2 на овој член,".

Во точка 4 алинеите 5 и 6 се менуваат и гласат:

„— под ред. бр. 7 и 8 — износот од колона 4, намален за 20%. Организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства што ги вршат дејностите од член 4 став 2 на Законот во колона 6 под реден број 8 за тие дејности го внесуваат износот што ќе го утврдат во согласност со тој став, а за другите дејности — износот што ќе го утврдат во согласност со член 4 став 1 на Законот спрема износот од колона 4 што претходно е намален за издатоците што се однесуваат на дејностите од член 4 став 2 на Законот;

— под реден број 9 — износот од колона 4. Организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства што ги вршат дејностите од член 6 став 2 на Законот во колона 6 под реден број 9 за тие дејности го внесуваат износот што ќе го утврдат во согласност со тој став, а за другите дејности — износот што ќе го утврдат во согласност со член 6 став 1 на Законот спрема износот од колона 4 што претходно е намален за издатоците што се однесуваат на дејностите од член 6 став 2 на Законот";

Во алинеја осум на крајот се додаваат запирка и зборовите: „организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства од член 2 ст. 2, 3 и 4 на Законот во колона 6 ги внесуваат износите што за тие издатоци ќе ги утврдат во согласност со тие ставови;"

Во алинеја 10 по зборовите: „Организациите на здружен труд" се додаваат зборовите: „и други корисници на општествени средства", зборовите: „став 2" се заменуваат со зборовите: „ст. 2, 3 и 4", а зборовите „со тој стов" — со зборовите: „со тие ставови";

Во точка 5 по зборовите: „Образецот ОИ" се додаваат запирка и зборовите: „намален за издатоците што на тие конта се искажани за намените од член 9а на Законот".

По став 1 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства кои височината, до која можат да располагаат со дел од општествените средства за исплатување на определени издатоци во 1980 година, ја утврдуваат со одлука на органите на управувањето во зависност од растежот на доходот, односно на приходот во 1980 година во однос на 1979 година, износите во колона 6 на Образецот ОИ во текот на 1980 година ги искажуваат во височина што со одлука ќе ја утврди органот на управувањето.Тие корисници на општествени средства ќе водат сметка одлуката за височината на тие издатоци во текот на годината да ја усогласуваат со растежот на доходот, односно на приходот, а износите во колона 6 на Образецот ОИ на крајот на 1980 година ќе ги искажат најмногу до износите што ќе ги утврдат според остварениот доход, односно приход во 1980 година.

Ако организацијата на здружен труд, односно друг корисник на општествени средства во 1979 година немал определени издатоци што непосредно ги товарат инвестициите за основни средства износите на издатоците што ќе ги утврди во согласност со одредбите на чл. 2 до 6 од Законот се искажуваат во колона 6 на Образецот ОИ, зголемени за износите на тие издатоци што ги товарат инвестициите за основни средства во 1980 година, а кои со одлука за височината на тие издатоци ќе ги утврди органот на управувањето на организацијата на здружен труд, односно нему соодветниот орган на управувањето на другиот корисник на општествени средства."

Член 2

Во член 6 став 1 по зборовите: „што во 1979 година" се додаваат зборовите: „основани и кои се".

Член 3

Во образецот ОИ, под реден број 1 во колона 3 по зборот: „информирање" се додаваат зборовите: „и заради унапредување на странскиот туристички промет".

На крајот на Образецот ОИ под зборовите: „Број на месеците на работењето во 1979 година ———" се додаваат зборовите:

„Индекс на доходот, односно на приходот во 1980 година во однос на истиот период на 1979 година ———————".

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-7722/1
18 јули 1980 година
Белград

Заменик — сојузен секретар за финансии,
**Божидар Радуновиќ**, с. р.

**727.**

Врз основа на член 40 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/76), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

## ПРАВИЛНИК

## ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА АЛКОХОЛОМЕТРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат алкохолометрите за определување на волуменската (процентуалната) содржина на алкохолот во течности-

те што се производ од алкохолно вриење (во натамошниот текст: содржината на алкохолот).

Член 2

За определување на содржината на алкохолот се користат алкохолометри што ги покажуваат волуменските проценти на алкохолот (правата јачина) на референтна температура од 15°С.

Алкохолометрите од став 1 на овој член мораат да имаат вграден термометар.

Член 3

Алкохолометрите мораат да бидат изработени од стакло што е без внатрешно напрегање и кое, според своите хемиски особини, одговара на хидролитската група 3 според Југословенскиот стандард JUS B E8.092.

Вретеното и телото на алкохолометарот мораат да бидат изработени од безбојно и термички обработено стакло.

Член 4

Скалите на алкохолометарот и термометарот можат да бидат изработени од хартија, млечно стакло или од пластичен материјал.

За отежнување на алкохолометарот можат да се употребат жива или сачма, а како врзивни средства — восок или лак. Тие средства не смеат да се топат на температури пониски од 40°С.

Член 5

Алкохолометрите мораат да бидат симетрични во однос на својата надолжна оска. Нормалните пресеци на телото и нормалните пресеци на вретеното на алкохолометарот мораат да бидат кружни, со тоа што нормалните пресеци на вретеното мораат да бидат исти по целата негова должина.

Член 6

Алкохолометрите мораат да пливаат вертикално и ако се нурнати до најнискиот поделок на скалата.

Скалите на алкохолометрите и термометрите мораат да бидат зацврстени на траен начин.

Цртите на поделбата на скалата на алкохолометарот мораат да лежат во рамнини што се нормални со надолжната оска на алкохолометарот, а нивната должина мора да изнесува најмалку една четвртина од обемот на вретеното.

Член 7

Цртите на поделбата на скалата на термометарот мораат да се наоѓаат од обете страни на капиларата и нивната должина мора да изнесува најмалку по 1 mm.

Заради подобра прегледност, одделни поделоци на алкохолометарската и на термометарската скала мораат да бидат обележени со подолги црти.

Член 8

Горната црта на поделбата на скалата на алкохолометарот мора да лежи најмалку 5 mm пониско од местото каде што почнува рамномерниот пресек на вретеното, а најмалку 20 mm од врвот на вретеното. Долната црта на поделбата мора да биде најмалку 3 mm оддалечена од местото каде што вретеното преминува во тело на алкохолометарот.

Член 9

Термометарската скала се наоѓа под алкохолометарската скала, а нејзиниот горен крај мора да биде оддалечен најмалку 15 mm од местото каде што телото на алкохолометарот се стеснува и преминува во вретено на алкохолометрот. Најмалата оддалеченост на долниот крај на поделбата на термометарската скала од коленото на капиларата мора да изнесува 3 mm.

Член 10

Растојанието што одговара на еден процент на алкохолометарската скала, ако поделбата на скалата почнува над 10%, изнесува:

1) најмалку 2 mm — ако поделбата е на цели проценти;

2) најмалку 3 mm — ако поделбата е на половини проценти;

3) најмалку 5 mm — ако поделбата е на петтини од процент;

4) најмалку 8 mm — ако поделбата е на десеттини од процент.

По исклучок од одредбата под 2 на став 1 од овој член, ако опсегот на скалата на алкохолометар со поделба на половини проценти е поголем од 50%, растојанието што одговара на еден процент мора да изнесува најмалку 2 mm.

Член 11

Растојанието што одговара на еден процент на алкохолометарската скала, ако поделбата на скалата почнува под 10 проценти, изнесува:

1) најмалку 4 mm — ако поделбата е на цели проценти;

2) најмалку 8 mm — ако поделбата е на половини проценти.

Член 12

Кај алкохолометрите со опсег на скалата до 100 проценти и со поделба на скалата на цели проценти, растојанието што му одговара на еден процент мора да изнесува најмалку 1 mm.

Член 13

Растојанието помеѓу цртите на поделбата на термометарската скала мора да изнесува:

1) најмалку 1 mm — ако поделбата е на 0,5°С;

2) најмалку 0,7 mm — ако поделбата е 0,2°С или 0,1°С.

Член 14

Поделбата и бројчените ознаки на скалите на алкохолометарот и термометарот мораат да бидат јасни и прегледни.

На алкохолометарската и на термометарската скала не смеат да се наоѓаат споредни скали.

Член 15

Материјалот за отежнување на алкохолометарот мора да биде сместен така што да не ја попречува правилната работа.

Ако како материјал за отежнување се користи жива, таа мора да биде сместена во посебна коморичка, а ако се користи сачма таа мора да биде зацврстена во телото на алкохолометарот со помош на врзивно средство или да биде сместена во посебна коморичка.

Член 16

На алкохолометарската скала мораат, на еден од јазиците на народите и народностите на Југославија, да бидат јасно испишани следните податоци:

а) фирма, односно назив на производителот;

б) тип, година на производството и сериски број на алкохолометарот;

в) службена ознака на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали;

г) референтна температура.

Член 17

На температурната скала мора да се наоѓа ознаката „°С".

Кон секој алкохолометар мораат да бидат приложени соодветни редукциони таблици заради определување содржината на алкохолот на температури различни од референтната.

Член 18

При првиот преглед, како и при повремените прегледи на алкохолометарот, дозволените отстапувања од правата вредност изнесуваат:

1) на скалата на алкохолометарот со поделба на:

а) цели проценти:

— ако опсегот на скалата е 100% — — — — ±0,80 проценти

— ако опсегот на скалата е помал од 100% — — ±0,40 проценти

б) половини проценти — — ±0,25 проценти

в) петтини од проценти — ±0,15 проценти

г) десеттини од проценти ±0.10 проценти;

2) на скалата на термометарот со поделба на:

а) цели степени — — — — — ±0,40°C

б) половини степени — — — — ±0,25°C

в) петтини од степени — — — ±0.15°C

г) десеттини од степени — — — ±0,10°C

Член 19

Алкохолометрите се жигосуваат со жиг за стаклени мерила, и тоа на горниот дел на телото или при врвот на вретеното, ако за тоа постојат услови.

Член 20

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат „Техничките услови за прием на преглед и жигосување на алкохолометри", објавени во „Гласник на Управата за мери и скапоцени метали", група XI, број 5.

Член 21

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 0212-5407/2
25 јули 1980 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
мери и скапоцени
метали,
**Милисав Воинќ**, с. р.

## 728.

Врз основа на член 119 став 2 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77), по прибавеното мислење од овластените банки, Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СРЕДСТВА НА СТРАНСКИ ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА МОЖАТ ДА СЕ ПРИМААТ ВО ДЕПОЗИТ

1. Во Одлуката за условите под кои средства на странски правни и физички лица можат да се примаат во депозит („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77) во точка 2 по став 1 се додава став 2, кој гласи:

„Банките овластени за работите со странство и банките овластени за девизновалутните работи во Југославија можат да отвораат девизни сметки во клириншки валути на странски фирми што изведуваат инвестициони работи или вршат други услуги во Југославија во смисла на Законот за отстапување изградба на инвестиционен објект на странски изведувач на работи („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/76 и 36/79), само по дознаки од странство во клириншки валути. Средствата од овие сметки можат да се користат за плаќање на динарските трошоци во Југославија и за исплата на личните доходи, односно за исплата на работниците во врска со изведувањето на инвестиционите работи и давањето на договорените услуги во Југославија".

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 45
24 јули 1980 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

## 729.

Врз основа на чл. 16, 19 до 25 и член 66 став 1 точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76), во согласност со одредбите на Одлуката за остварување на целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/80), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА МЕРКИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНЕТАРНО-КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1980 ГОДИНА

1. Во Одлуката за мерките за спроведување на монетарно-кредитната политика во 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/80, 34/80 и 43/80) во точка 27 став 1, процентот: „55%" се заменува со процентот: „65%".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 50
1 август 1980 година
Белград

Го заменува претседателот
на Советот на гувернерите
заменик-гувернер
на Народната банка на
Југославија,
**Илија Марјановиќ**, с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат

— за примерни заслуги и умешност во работата на развивање на постојан полет заради остварување на поставените задачи во единиците со кои раководат, како и за создавање услови за постигање на исклучително добри успеси во своите единици и установи

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ГОЛЕМА ЅВЕЗДА

полковници: Илиќ Николе Љубиша, Рокиќ Николе Стево;

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ЗЛАТНИ МЕЧЕВИ

полковник Радованов Тоше Стеван,

потполковници: Богуновиќ Милана Милан, Бурлиќ Ђорђа Ивко, Галантиќ Милорада Властимир, Грујиќ Слободана Душан, Хусул Марјана Здравко, Калиниќ Илије Петар, Костиќ Јована Симо, Миливојевиќ Милутина Драган Милојевиќ Обрада Михаило Мишиќ Душана Гојко, Недељковиќ Властимира Драгиша, Петронијевиќ Петра Светислав, Пилижота Шиме Анђелко, Рожиќ Блаже Марјан, Срдиќ Симе Милан, Стојиќ Раденка Јован, Шафарик Едуарда Јарослав, Штрбат Ивана Стјепан, Васовиќ Радише Андреја, Живановиќ Сретена Милутин;

мајори: Цвијетиќ Анте Милан, Ковачевиќ Рајка Милорад, Паниќ Милорада Христивоје, Павковиќ Крсте Миладин, Рељан Пере Божо, Штимац Јосипа Рудолф, Зубац Шћепана Спасоје;

капетани I класа: Гргуревиќ Косте Марко, Јеличиќ Милоша Слободан, Марковиќ Милиќа Мирослав, Мирковиќ Марка Славко, Петричиќ Бернарда Роко, Штифтар Janeза Антон;

заставници I класа: Голијан Васе Данило, Николиќ Николе Војислав, Периќ Боже Стипе, Радојковиќ Јовише Војислав;

заставник Стојановиќ Богдана Јован;

воен службеник II класа Рајков Саве Јован;

воен службеник III класа Смиљаниќ Софроније Милош;

воен службеник IV класа Урошевиќ Јагоша Момчило;

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

капетани I класа: Бојаниќ Симе Радомир, Добросављев Милована Рада, Милосављевиќ Мијата Миладин, Милутиновиќ Радоја Саша, Петровиќ Гојка Голуб, Радаковиќ Које Душан, Родиќ Живка Слободан, Шпољариќ Ђуре Марко, Топаловиќ Бранислава Живорад;

капетани: Бучевац Јефте Арсо, Буквиќ Милана Чедомир, Цавор Бранка Жељко, Горички Петра Армандо, Јовиќ Душана Милан, Јушиќ Розике Звонко, Кнафлиќ Звонка Звонко, Коцман Фрање Владо, Кос Драгоја Слободан, Крагојевиќ Крсте Миодраг, Милутиновиќ Љубинка Синиша, Обрадовиќ Јоксима Милош, Поробиќ Милана Јован, Радоњиќ Милоша Владан, Радунковиќ Милорада Жарко, Симановиќ Селимира Радомир, Симовиќ Александра Петар, Станишиќ Данка Славко, Шурбек Станка Владо;

поручници: Фабијан Фрање Драгутин, Хегедуш Антуна Мирко, Новаковиќ Миливоја Миомир, Покорни Јосипа Славко, Саксида Вида Стојан, Загоршек Флорјана Флорјан;

заставници I класа: Бачиќ Ивана Лазар, Димоски Каме Никола, Гаруновиќ Недељка Живан, Хршум Ђорђа Бранко, Јашиќ Хасана Хасан, Мишиќ Светомира Борислав, Младеновиќ Димитрија Радивоје, Новаковиќ Гаје Петар, Новицки Михајла Стеван, Орданиќ Антона Златко, Праизовиќ Војислава Владимир, Стаматов Атанаса Андреја, Стојковиќ Душана Миодраг, Шокец Мартина Иван;

заставници: Анђелиќ Јосипа Иван, Аранђеловиќ Ђорђа Велимир, Гучанин Живојина Мирослав, Малешевиќ Миле Никола, Миљковиќ Војислава Светолик, Радаковиќ Петра Драган, Савиќ Живадина Милоје, Станковиќ Драгутина Слободан, Удовчиќ Саве Миодраг;

постари водници I класа: Бојиќ Милутина Душан, Божиќ Радована Томислав, Цвијановиќ Светозара Милован, Демировиќ Дестана Рамадан, Георгијевски Тасе Јордан, Јазбиншек Јосипа Здравко, Ковачевиќ Остоје Миливоје, Лаушевиќ Милосава Савиќ, Лонтош Милана Милан, Прелец Мате Драгутин, Сиќ Иштвана Карољ, Симчиќ Антона Савел, Стевановиќ Милана Саво, Урошевиќ Љубомира Андрија, Зориќ Раде Славко;

постари водници: Чоп Ивана Мате, Ковачевиќ Илије Слободан, Момчиловиќ Душана Јован, Стојановиќ Чедомира Милан, Шлемер Андрије Иван, Тодоров Димитра Јовица, Тот Јаноша Јанош, Зебиќ Милутина Радислав;

— за особени заслуги на делото ширење на братството помеѓу нашите народи и народности во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на народите и народностите

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

потполковник Рашовиќ Вукиќа Данило;

— за особени заслуги во изградбата и јакнењето на Вооружените сили и за особени успеси во раководењето со единиците на Вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во нивното зацврстување и оспособување за одбрана на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

полковници: Градишар Антона Живојин, Коњевода Анте Миле, Миросављевиќ Милована Мирко, Петровиќ Јанка Милан, Петровиќ-Пољак Крешимира Желимир, Величковиќ Светозара Живорад, Вох Франца Вид, Златиќ Николе Илија;

потполковници: Ђаласан Јована Бранко, Галовиќ Милије Миланко, Гавриловиќ Гаврила Милан, Ко-

жеза Јакова Миле, Парежанин Аћима Рајко, Радић Станка Радослав, Ристић Радисава Милован, Стајић Петра Благоје, Станић Алојза Вид, Шубић Ивана Казимир, Вујић Ђуре Војислав, Живковић Стојадина Грујa;

мајор Туркаљ Мише Антон;

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

потполковници: Ивановић Обрада Слободан, Савчић Боже Доброслав;

мајори: Борцић Јована Божидар, Јовановић Владимира Јован, Миклош Јанка Јанко, Павловић Николе Милоје, Пејчић Чедомира Томислав, Прпић Луке Крешимир, Стевановић Уроша Жарко, Стошић Станоја Миладин, Шарић Ибрахима Фахро, Шкара Илије Сретеније, Зимоњић Николе Раденко;

капетани I класа: Атанасијевић Доброслава Богољуб, Бошњак Ивана Бошко, Дујић Шиме Иван, Дујковић Ристе Лазар, Ђукић Ђурада Лазо, Лемо Петра Јаков, Милекић Раде Јован, Милетић Антона Алберт, Николић Јована Бранислав, Шкрињар Франца Франц, Торбица Боже Милан, Вељковић Милорада Видимир;

капетани: Башић Лазара Драган, Бивиц Ивана Боривој, Димитријевић Саве Димитрије, Филиповић Владимира Миле, Голијанин Лазара Милош, Ханак Веселина Шандор, Кнежевић Божидара Сретен, Масић Милинка Радољуб, Перак Ђуре Владимир, Стакић Васкрсија Предраг;

заставници I класа: Аћимовић Мирка Раденко, Алић Суље Мухарем, Дукић Шпире Петар, Георгиевски Јаћима Миливоје, Иконић Михајла Стеван, Јашић Хасана Хусеин, Лукић Гвоздена Добривоје, Павичић Јакова Илија, Пејановић Милоша Гојко, Пурић Живка Светозар, Шалварица Душана Милорад;

заставници: Цукон Мартина Цвјетко, Чавић Петра Милан, Калаба Хусе Хамид, Косановић Раде Вељко, Ковачевић Новице Србобран, Манојловић Стевана Миле, Митрић Радосава Радоје, Младеновић Драгомира Љубомир, Николић Витомира Љубисав, Новаковић Петра Ђуро, Орешковић Јосипа Јосип, Смиљанић Ђорђа Вукашин, Стефановић Спире Радомир, Стошић Трајка Миладин, Величковић Тодора Илија;

постар водник I класа Сарделић Фрања Бранко;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

потполковник Стефановић Тихомира Љубиша;

мајори: Алагић Саве Ђорђе, Бабић Луке Фрањо, Ковачевић Властимира Обрад, Петровић Радоја Предраг;

капетан I класа Милан Лзара Живан;

капетани: Филиповић Ивана Драган, Педић Николе Недељко, Вишекруна Крстана Чедомир;

заставници I класа: Алић Бајре Рамиз, Димитријевић Петра Никола, Илић Петра Драгољуб, Прижмић Марина Миливој;

заставник Кнежевић Милосава Стеван;

воен службеник III класа Рoквић Бранка Милан;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

постар водник I класа Горичан Ивана Бруно;

— за примерна работа врз развивање полет за остварување на поставените задачи, како и покажување на старешински и војнички особини кои служат за пример на другите

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

капетан I класа Савић Јована Миодраг;

капетани: Ковачевић Миле Миланко, Кретић Милана Момчило, Савић Душана Александар, Василић Радомира Милорад;

поручници: Атанацковић Саве Миодраг, Даничић Матије Светко, Чонч Антона Дарко, Фехер Иштвана Јожеф, Филиповић Славољуба Дучко, Главаш Славка Славко, Илијевски Стојимена Дане, Јакимовић Раде Бранислав, Јаковина Ивана Крешимир, Јанкуц Симе Равинел, Кнез Винка Здравко, Кошанин Славка Добривоје, Ковачевић Николе Јован, Минић Богосава Милан, Мотика Срећка Лука, Новаков Радојице Јован, Њари Јосипа Јосип, Пејчић Георгија Јован, Прентовић Александра Срећко, Пржуљ Милана Саво, Саболић Драгутина Душан, Секулић Петра Дарко, Славуљица Момчила Зоран, Станојевић Борислава Томислав, Стојадиновић Љубише Миодраг, Томашевић Бранислава Слободан, Турстић Стјепана Здравко, Вишњић Иве Боро;

потпоручници: Јевтовић Љубинка Милан, Шимичевић Николе Маринко;

заставник Марић Саве Радован;

постари водници I класа: Илић Илије Зоран, Пенчић Момчила Србољуб, Петронић Радисава Борисав, Шуњерга Анте Славко, Тошић Остоје Милорад;

постари водници: Алексић Цветка Миленко, Аврамовић Бранка Драгослав, Барилар Ивана Иван, Брадетић Винка Борис, Милуровић Боривоја Жикица, Николић Војислава Миломир, Вучен Богдана Милан;

водници I класа: Драгојевић Душана Милан, Филиповић Ратка Милан, Хорват Мартина Маријан, Јенко Владимира Иван, Миленковић Душана Зоран, Поповић Сретка Петар, Пракљачић Мате Звонко, Радић Слободана Мирослав, Сремчевић Славка Живојин, Шекеровић Марка Владо, Тарбук Стеве Драган, Зубчић Иве Надислав;

водник Куделић Здравка Младен;

питомци — помлади водници: Авдијенко Радивоја Небојша, Ивановић Крсте Драган, Јовановски Илије Валентин, Кајић Јанка Бранко;

питомци — десетари: Јурах Мије Мирослав, Вилић Гојка Маријан;

— за особено истакнување во познавањето и вршењето на војничка должности и за примерно војничко држење

СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

питомци — помлади водници: Дорић Стјепана Владимир, Митић Димитрија Звонимир, Шабановић Салиха Ћамил, Шаин Павла Градимир, Штимац Емила Владимир, Шундић Драгомира Грујица;

питомци — десетари: Дорушак Бранка Давид, Каблар Дане Његош, Кукурић Станише Милан, Ље-

вар Драгутина Мирко, Петровић Живојина Слободан, Рашчанин Новака Дарко, Стошић Славољуба Драгослав, Удовичић Радише Миломир;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

полковници: Агбаба Стевана Марко, Кужник Ивана Иван;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

капетан I класа Котур Благоја Ђуро;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

заставници: Богосавац Мирка Жарко, Стојановић Сретена Драгослав;

воен службеник III класа Цвелин Марка Славко;

воен службеник IV класа Целиншек Мартина Мартин;

воени службеници V класа: Церовец Вјекослава Јосип, Кметић Мате Жарко;

воен службеник VI класа Коланда Јарослава Јосип;

воен службеник VIII класа Јовић Василија Душан;

граѓанско лице на служба во ЈНА Рађеновић Дане Марија;

— за примерни заслуги и умешност во работата на развивање на постојан полет заради остварување на поставените задачи во единиците со кои раководат, како и за создавање услови за постигање на исклучително добри успеси во своите единици и установи

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ГОЛЕМА ЅВЕЗДА

полковници: Јеличић Јефте Коста, Микелић Анте Драгомир;

потполковник: Савић Теодора Гавро;

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ЗЛАТНИ МЕЧЕВИ

потпоклвоници: Пеђанац Обрада Душан, Лоренцини Антуна Зоран;

мајори: Храниловић Дане Дамир, Касум Обрада Душан, Косић Владислава Бранко, Обрадовић Николе Милорад, Плећаш Душана Милош, Рибић Милоша Илија, Скендерија Уроша Петар, Суботић Драгомира Радивој;

капетани I класа: Гајић Јелене Бранко, Јововић Аврама Ранко, Кикинђанин Жарка Зоран, Косановић Мане Симо, Мандић Даце Милан, Миљковић Михајла Предраг, Петковић Данила Бранко, Предојевић Милана Илија, Тепић Симе Зоран;

заставници I класа: Бабић Саве Вељко, Бублић Милана Вилим, Дукић Милана Душан, Стојановић Стојана Александар, Стојановић Томе Живко, Ступар Јакова Милан;

заставници: Ђаковић Васиљка Драгиша, Коприваца Васе Драго, Никић Ивана Радоман, Шејат Петра Саво;

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

капетан I класа Пауновић Драгомира Тихомир;

капетани: Крсмановић Вељка Рајко, Крезић Видака Никола;

поручници: Младеновић Младена Драгољуб, Павловић Радовина Милутин;

постари водници I класа: Михајловић Чедомира Славко, Петровић Велимира Станиша, Ремић Стола Душан, Савић Миливоја Милан;

постари водници: Антић Владимира Синиша, Бабић Рајка Миленко, Димић Анђелка Драган, Грубешић Косте Душан, Маринковић Живојина Душко, Пајчин Милоша Чедомир, Паскоски Дејана Богоја, Радуловић Ристе Станча, Рекић Савете Стево, Шиљеговић Чеде Миле, Василић Ђорђа Недељко, Вуковић Благоја Владета, Живановић Предрага Златибор;

водник I класа Јовановски Кире Војо;

војни службеници VI класе: Ђукић Стевана Иван, Јухош Ференца Михаљ;

воени службеници VII класа: Чуруковски Вангела Наум, Брож Владимира Фрањо;

— за особени заслуги во изградбата и јакнењето на Вооружените сили и за особени успеси во раководењето со единиците на Вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во нивното зацврстување и оспособување за одбрана на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

полковник Милисав Луке Милош;

потполковници: Кнежевић Милана Миле, Ковачевић Милутина Љубо, Кулић Петра Никодије, Обрадовић Мила Јован, Секулић Павла Милан, Трбовић Алексе Бранко, Штрбац Владимира Шпиро;

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

мајор Петраш Јосипа Михајло;

капетани I класа: Ђуран Пере Ратко, Чушкар Боре Вања, Човић Милинка Недељко;

капетани: Јевтовић Милића Радош, Михајловић Илије Радивоје, Нинић Живе Радивој, Рајак Станка Тихомир, Стојковић Добривоја Миле;

заставници I класа: Мартиновић Јована Стојан, Милишић Љубе Станко, Пуача Милоша Дако, Томић Бранислава Богољуб;

заставници: Јанковић Милете Душан, Петровић Ратомира Живојин, Рачић Александра Радисав;

постари водници I класа: Бранковић Радислава Ђорђе, Дрча Владимира Мирко, Олуић Михајла Раде, Павковић Анте Иво;

воени службеници IV класа: Маковец Јосипа Вјекослав, Могуш Андрије Вечеслав, Симић Божидара Љубо, Видовић Винка Бранимир;

воен службеник VI класа Липовшек Фрање Бранислав;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

граѓански лица на служба во ЈНА: Јовићевић Илије Десанка, Лазаревић Петка Радмила, Војиновић Живана Милош;

— за примерна работа на развивањето полет за остварување на поставените задачи, како и за покажување на старешински и војнички особини што служат за пример на другите

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

капетани: Бабић Марка Јован, Ћурчић Гвоздена Миленко, Крстић Ратомира Владимир, Максимовић Томислава Александар, Милић Вукашина Миодраг, Милојковић Светозара Милун;

поручници: Јелић Обрада Благоје, Петрушић Милана Драган;

постар водник Раичковић Васе Митар;

водници I класа: Аврамовић Милоша Млађен, Бабовић Слободана Вукман, Драгутиновић Радомира Небојша, Јаблановић Милована Ненад, Савовић Миломира Раденко, Спиркоски Димитрија Насто, Штрбац Душана Ђорђе, Вујасиновић Душана Мирко;

воени службеници VIII класа: Чулина Луке Станко, Морнар Рудице Звонко;

граѓански лица на служба во ЈНА: Мацут Милоша Десанка, Митковић Милана Јован;

— за особени заслуги во развивањето на меѓународните односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и другите земји и за истакнати заслуги во развивањето или зацврстувањето на мирољубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и другите држави

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

полковници: Вејновић Томе Никола, Видојевић Митка Војин;

— за заслуги во развивањето и зацврстувањето на мирољубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и другите држави, како и за особени заслуги во работата на развивањето на свеста на граѓаните во борбата за независност на земјата

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА НА ЃЕРДАН

воен службеник IV класа Вуков Славка Боривој;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

полковници: Черненки Реље Славко, Дражић Јована Момир, Фазлагић Салка Кемал, Мрше Луке Жељко, Вишекруна Јефте Петар, Жакула Дане Миле;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

потполковници: Бркић Хаде Фахир, Ђорђевић Славке Момчило, Гутаљ Мила Бранко, Палија Милутина Радоман, Павловић Велимира Предраг, Пешић Ђорђа Филип, Стевановић Светислава Драгомир, Ускоковић Раде Љубомир;

заставници I класа: Павловић Милорада Крсто, Симуновић Јована Ђорђе;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

заставник I класа Рашић Милована Владо;

заставник Добриковић Ђуре Миле;

граѓански лица на служба во ЈНА: Аврамовић Симе Јелена, Борјан Данила Загорка, Бакочевић Спасе Надежда, Драголовић Мате Мато, Гомбач Јосипа Рудолф, Малешевић Светозара Светислав, Матејић Живка Радомир, Милетић Велимира Вера, Никић Обрада Душанка, Петровић Срђана Мира, Радовановић Владислава Душан, Попарић Илије Љубомир, Чековић Бошка Јелка, Шваглић Фрање Маријан, Шкорић Боривоја Радмила, Влаховић Ике Анка, Вукотић Јована Драго, Петровић Алексе Јелисавета;

— за примерни заслуги и умешност во работата на развивањето на постојан полет заради остварување на поставените задачи во единиците со кои раководат, како и за создавање услови за постигање на исклучително добри успеси во своите единици и установи

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ГОЛЕМА ЅВЕЗДА

полковници: Васарић Луке Ђуро, Чигин-Шаин Јозе Грго, Голубовић Миљана Милан, Југовић Петра Живан, Маринковић Душана Милош, Сршен Антуна Миљенко;

капетан на боен брод Тешић Милана Миленко;

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ЗЛАТНИ МЕЧЕВИ

